ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:30-167/15**

**Дата: 14.12.2011**

**ДО**
**ОПШТИНА БЕРОВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Берово, сметка на буџет на донации (785) – МЦМС Партерно уредување на централно градско подрачје - плоштад „Димитар Беровски"во Берово.

Помеѓу Општина Берово и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во соработка со Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), во август 2010 година е склучен договор за Партерно уредување на централно градско подрачје – плоштад „Димитар Беровски". Во договорот со МЦМС одреден е вкупен буџет во износ од 9,903 илјади денари, од кои SDC учествува со 6.000 илјади денари, а општината со остатокот од средствата (3,803 илјади денари). До крајот на 2010 година е изготвен проект за договорените работи, започнати се работите и е платен дел од градежните работи, додека поголемиот дел од активностите од оваа донација продолжуваат во почетокот на 2011 година.

Изразено е мислење без резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и во однос на усогласеноста на финансиските трансакции со законските прописи.

На Нацрт извештајот не се доставени забелешки од страна на законскиот застапник на субјектот.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ________________________

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните 5 и 6 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Берово, сметка на буџет на донации (785) МЦМС Партерно уредување на централно градско подрачје - плоштад „Димитар Беровски“во Берово, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Драги Нацински, градоначалник на општина Берово во 2010 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со важечката законска регулатива, упатства и воспоставени политики.Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и расходите на сметката на буџетот на донации (785) за 2010 година се користени за планираните намени утврдени од

страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата/ревизорски постапки

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување;
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како потврда на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________________________
*2.* ____________________________ ______________________

интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена на 06.09.2011 година, кај Општина Берово од тим на Државниот завод за ревизија.

**4. Наоди и препораки**

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 30-167/9 од 18.10.2011 година.

**4. Ревизорско мислење**

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на Буџетот на донации (785) – МЦМС Партерно уредување на централно градско подрачје - плоштад „Димитар Беровски" во Берово, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на Буџетот на донации (785) – МЦМС Партерно уредување на централно градско подрачје - плоштад „ Димитар Беровски" во Берово, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 06.12. 2011 година



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ___________________________

*2.* ___________________________ ______________________

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 4.867 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **4.867** | **0** |
| **Расходи** | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Други градежни објекти | 3.2.1. | 1.898 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1.898** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **1.898** | **0** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **2.969** | **0** |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________

*2.* ______________________ ______________________

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 3.1.1. | 2.969 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2.969** | **0** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | | |
| Материјални средства во подготовка | 3.2.1. | 1.898 | 0 |
| **Вкупно капитални средства** | | **1.898** | **0** |
| **Вкупна актива** | | **4.867** | **0** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.1.1. | 4.867 | 0 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **4.867** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **4.867** | **0** |